**НАЧИН, ПОСТАПКА И РОКОВНИК ЗА КАНДИДИРАЊЕ И ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ФОРУМОТ НА ПЕНЗИОНЕРИ НА СДСМ**

## I. ПОСТАПКА И НАЧИН

1. На седница на ЦО на СДСМ се донесува Одлука за распишување избори за претседател на Форумот на пензионери на СДСМ, како и Начин, Постапка и Роковник за спроведување на неговиот избор;
2. Врз основа и во согласност со Начинот, Постапката и Роковникот за избор на претседател на форум на пензионери се изготвува: Отворен повик за самокандидирање за претседател на Форум на пензионери на СДСМ.
3. Донесената одлука за утврдување на Начинот, Постапката и Роковникот за избор на претседател на Форум на Пензионери на СДСМ, како и отворениот повик за самокандидирање за претседател на Форум на пензионери се доставуваат до сите претседатели на општински организации на СДСМ, кои задолжително истиот го истакнуваат на огласните табли во ОО, се со цел информирање на членовите на СДСМ за започнување на внатрепартиски активности за избор на претседател на Форум на Пензионери.
4. Во печатени медиуми, на веб-страната на СДСМ и на социјалните медиуми се објавува: Отворениот повик за самокандидирање за претседател на Форум на пензионери.
5. Во Отворениот повик за самокандидирање за претседател на Форум на пензионери се наведува рокот за спроведување на постапката за самокандидирање.
6. Кандидатите за претседател на Форумот на пензионерите на СДСМ доставуваат самокандидатури до Претседателот на СДСМ.

   Со доставената самокандидатура за претседател на Форум на пензионери, кандидатот во хартиена форма задолжително доставуваат:
   - Биографија/CV;
   - Мотивационо писмо/писмо за намера;
   - Детална програма за работа;
   - Потпишана Изјава за постапување и почитување на Етичкиот кодекс на СДСМ;

   Заинтересираните кандидати своите кандидатури (со целосна прилог документација во хартија, во затворен плик со назнака Самокандидатура за претседател на Форум на пензионери на СДСМ) потребно е да ги достават најдоцна до 10.04.2026 година, до претседателот на СДСМ, во седиштето на СДСМ на ул. Бихаќка број 8 Скопје).

7. Во согласност со член 26 став 1 од Правилникот за организација и начин на функционирање на Форумот на пензионерите на СДСМ, по завршување на рокот за пријавување на кандидати за претседател на форум на пензионери на СДСМ и спроведена постапка, Претседателот на СДСМ до Извршниот одбор на Централниот одбор на СДСМ, предлага Претседател на форумот на пензионерите на СДСМ по што се врши негов избор.

8. Претседателот на форумот на пензионери на СДСМ предлага членови на Извршниот одбор на Форумот на Пензионерите до Извршниот одбор на СДСМ кој врши избор. (член 22, став 2 од Правилникот)
9. Претседателот на форумот на пензионери на СДСМ на првата седница на Извршниот одбор на Форумот на пензионери на СДСМ, предлага заменик – Претседател на Форумот и секретар од редот на Извршниот одбор на форум на Пензионери на СДСМ, за што го известува ИО на СДСМ.

## II. КРИТЕРИУМИ

**Критериуми за кандидирање и избор на Претседател на Форумот на Пензионери СДСМ**

Кандидатите за Претседател на Форумот на пензионери на СДСМ треба да ги исполнуваат следните критериуми:

- да уживаат висок авторитет, углед и доверба во нивната средина;
- да бидат членови на СДСМ во моментот на поднесување на кандидатурата;
- да го исполнува условот од чл.9 на Правилникот за организација и начин на функционирање на Форумот на пензионерите на СДСМ односно да остваруваат право на пензиско осигурување (старосна или инвалидска пензија) врз основа на позитивните законски прописи.
- да бидат доследни во остварувањето на политичките и програмските определби на СДСМ;
- да имаат јасна визија за идниот развој и делување на Форумот на пензионери на СДСМ на централно ниво, да поседуваат силни политички и организациски способности, да поседуваат вештини за јавен настап;
- да се однесуваат со почит и толеранција кон партиските колеги;
- да потпишат изјава за прифаќање на Етичкиот кодекс на СДСМ и истиот во целост да го почитуваат;
- кандидатот за Претседател на Форумот на Пензионери на СДСМ, покрај исполнувањето на горенаведените критериуми, должен е да достави програма за работа за двегодишен мандат.

Согласно член 68-ј од Статутот на СДСМ, при предлагањето и изборот на кандидатите и носителите на функции треба да се почитува принципот на деакумулација на функциите (најмногу една јавна и една партиска функција).

| Роковник за постапка, начин и критериуми за избор на Претседател на Форум на Пензионери на СДСМ | | | |
|---|---|---|---|
| **Ред.бр.** | **Рок** | **Активност** | **Времетраење** |
| 1 | 25.03.2026 | Одржување на седница на ЦО на СДСМ на која се усвојува Начин, Постапка и Роковник за избор на претседател на Форум на Пензионери. | 1 ден |
| 2 | 26.03.2026 | Објавување на Отворен повик за самокандидирање за претседател на Форум на Пензионери на веб страната на СДСМ и во еден печатен медиум. | 1 ден |
| 3 | 26.03.2026 | Доставување на критериумите за Начинот, Постапката и Роковникот за избор на претседател на Форум на Пензионери до сите Општински организации на СДСМ, како и доставување на отворениот повик за самокандидирање за претседател на Форум на пензионери. | 1 ден |
| 4 | од 27.03.2026 до 10.04.2026 | Доставување кандидатури на кандидатите за Претседател на Форумот на пензионери на СДСМ | 15 дена |
| 5 | од 11.04.2026 до 16.04.2026 | Разгледување и интервју со кандидати за претседател на форум на пензионери | 6 дена |
| 6 | од 17.04.2026 до 24.04.2026 | Одржување на седница на ИО на ЦО на СДСМ за избор на претседател на форум на пензионери | 8 дена |

www.sdsm.org.mk • e-mail: contact@sdsm.org.mk • тел.: +389 2 3293100 • факс: +389 2 32932109
адреса: ул. „Павел Шатев“ бр. 8, 1000 Скопје, Република Северна Македонија